РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-1144/7
27.06. 2022 год.-Viti
Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 38 седница одржана на 27.05.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Градежништво", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за инженерство при Меѓународен балкански универзитет - Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Градежништво", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за инженерство при Меѓународен балкански универзитет - Скопје, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2022/2023 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Дипломиран градежен инженер/во меѓународен промет академски студии назив: Bachelor of science in civil engineering.

4. Научно - истражувачко подрачје: 1 Природно - математички науки, 2 Техничко - техниолошки науки
Научно – истражувачко поле: 207 Градежништво и водостопанство, 109 Математика
Научно – истражувачка област: 20700 Градежни материјали, 20701 Геотехника
20702 Градежни конструкции во ниско и високо градбата, 20704 Компјутерска интеракција при проектирање и градење на објекти, 20705 Механика на цврсто и деформабилно тело, 20706 Теорија на конструкции, 20707 Челични конструкции, 20708 Бетонски, армирано бетонски и преднапрегнати конструкции, 20709 Патишта и аеродроми, 20712 Хидрологија, 20713 Хидраулика
20719 Организација и економика во градежништвото и водостопанството, 10900 Математика
10903 Диференцијални равенки, 10907 Математичка статистика и операциони истражувања
10912 Применета математика и математичко моделирање, 10913 Програмирање.

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 50 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 100.38 од 01.10.2021година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Градежништво",прв циклус на академски студии -додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за инженерство при Меѓународен балкански универзитет - Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.100.971 од 10.12.2021 година (наш бр. 08 - 1144/1 од 10.12.2021 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 28-та седницата одржана на 24.12.2021 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 1144/6 од 07.06.2022 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 38 седница одржана на 27.05.2022 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова